**М-р Доан Сулејманоски**[1]

# ШИРЕЊЕТО ЛАЖНИ ВЕСТИ И НИВНИОТ КАЗНЕНОПРАВЕН КОНТЕКСТ

**1.04 Стручна статија**
**УДК 343.261:343.263.2(497.7)**
**343.263.2:654.937**

**Апстракт**

Информациите се двигател на општествените текови, тие се нужност за функционирање на човекот, општеството и државниот систем во целина. Во рамките на секојдневното функционирање, поаѓајќи од различни мотиви и причини, луѓето споделуваат, објавуваат и пренесуваат информации – вести, кои самите ги продуцираат или, пак, ги примиле од некој друг. Современиот начин на комуницирање, појавата на различните современи медиуми, актуелноста и разновидноста на социјалните мрежи, различните општествени случувања и општествени кризи (здравствена, економска, политичка, безбедносна) директно придонесуваат за брза експанзија на различен тип информации во јавниот простор објавени со различна намера и цел.

Моментот на пренесувањето невистинити или лажни вести, кои се креираат, се споделуваат и се распространуваат во општеството се оценува како негативно, казниво и непосакувано дејствие. Негативноста на ваквите дејствија може да предизвика различни општествени настани или дејствија: паника, говор на омраза и слично, страв и други видови општествена дехармонизација. Особено алармантна и витална е состојбата кога ваквите вести се шират во време на вонредна или, пак, воена состојба и предизвикуваат заплашување на населението и си поигруваат со емоциите на индивидуите.

Негативностите од појавата на ширење лажни вести може да се оценуваат како поттикнување и причина за создавање различни кривични дела. Ваквите вести придонесуваат за размрдување на целиот државен систем со сите свои потсистеми. Од особено значење е да се истакне дека нашиот казненоправен систем е сиромашен со одредби за справување со дезинформациите и лажните вести во јавниот дискурс, со што остава слободен простор за нивна хиперпродукција.

**Клучни поими:** лажни вести, слобода на изразување, говор на омраза, медиуми, кривична одговорност

## Информациите и информацискиот хаос во општеството

[1] Авторот е студент на третиот циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, насока Казнено право – казнено материјално право.

Општеството не може да се замисли да функционира без информации, затоа што тие произлегуваат од процесот на комуницирање помеѓу луѓето и се клучен фактор за нашето однесување и живеење, а со оглед на тоа, од аспект на таквото витално влијание врз човекот и неговите односи, тие не треба да се изоставаат како одреден вид општествено добро и се издигнуваат и треба целосно да се издигнат на рангот на правно и заштитено добро. Современото живеење претставува предизвик од аспект на информацискиот хаос во јавниот простор што се создава за секој поединец. Најголемиот проблем и предизвик останува исклучиво врз индивидуата, која не може да се апстрахира од информациите околу себе, а потребни ѝ се за нејзиното опстојување и функционирање, па се очекува дека секоја индивидуа треба самата да избере која информација, на кој начин и како ќе ја „консумира" и ќе ја прифати за себе, а таквиот процес воопшто не е лесен и едноставен.

Ваквото примање, прифаќање и толкување на информациите од страна на индивидуата зависи од многу фактори, и тоа: полот, возраста, нивото на образование, општественото окружување, културно-историските околности, моралните вредности, а најмногу од медиумската писменост на поединецот. Феноменот на лажни вести е истражуван од голем број научници, а исто така и од психолози што истражуваат зошто човекот создава или продуцира некаква вест, а дел од причините за тоа се: општествена потврда, комуникација, забава, поддршка на идеи, уривање воспоставена власт и сл. Во врска со продуцирањето лажни вести најчесто се издвојуваат следниве причини: финансиска заработка, политички кампањи, потреба од реваншизам, лично оцрнување, желба за читаност и популарност, напад на веќе постојни и функционални системи на државата и др.

Тргнувајќи од фактот дека светот, генерално, но и македонското општество се соочуваат со голем општествен предизвик од продуцирање и ширење лажни вести, се налага потребата од правно анализирање на овој општествен феномен и детектирање на неговите импликации врз општествената сфера (општествените и правните односи) и човековото живеење. Ако се тргне од фактот дека точните информации се нужност на општеството, дека медиумите се креатори на јавното мислење и имаат директно влијание врз човековиот живот, но и врз државните текови, неизбежен ќе биде фактот дека сферата на информирањето е во тесна корелација со создавањето стабилни услови за непречено остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот, а исто така и за одржливо и безбедно функционирање на државата и институциите. Правото на слободното изразување на мислата и определувањето, правото на информирање, пристапот до информации од јавен карактер, заштитата од цензура на новинарите, заштитата на изборот на давање информации и ред други заемно поврзани права се фундаментални човекови права и слободи – квалитети на демократското општество, па како такви, не само што се човекови права и слободи од уставен ранг, туку се и дел од голем број меѓународни договори што ги има ратификувано нашата држава.[2] Но, битен е фактот дека одредени предизвици,

[2] Уставот на Република Северна Македонија јасно и недвосмислено упатува на фактот дека нашата држава е демократска држава што ги почитува овие вредности, и тоа, во членот 16 е истакнато дека: Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање институции за јавно информирање. Дополнително, со ратификацијата на голем број меѓународни документи, нашата држава се приклучи кон државите што обезбедуваат развој на новинарството, информирањето и разновидноста на информациите.

аномалии, евентуални посегнувања кон отстапувања или каков било вид злоупотреби, кои како дејства би произлегле од овие основни права или на каков било начин се поврзани со нив, треба да бидат конкретно анализирани, следени и регулирани на соодветен и внимателен начин. Со оглед на тоа дека станува збор за витална област од корпусот на човекови права каде што многу тешко може да се воспостави јасна граница, а дополнително фактот на немање јасна и прифатена дефиниција за поимот лажни вести, може да се утврди дека оваа појава придонесува за отежнување на процесот на нормирање и подетално предвидување во правниот систем во државата.

**Лажните вести и оправданоста за државно-правна реакција**

Анализирајќи ја постојната позитивно-правна рамка во нашата држава, може да се заклучи дека проблемите од овој домен: истакнувањето неточни информации, лажни вести, дезинформации, клевета, навреда, рушење на личниот углед и слично, поконкретно и примарно се регулирани во граѓанско-правната област, и тоа, со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета[3], а одреден многу мал и незначителен дел за кои законодавецот утврдил дека имаат повисок степен на општествена опасност ги опфатил со Кривичниот законик на државата[4]. Освен во граѓанско-правната сфера, доколку тргнеме систематично и од казненоправната област, во Кривичниот законик на Република Северна Македонија во општиот дел се опфатени одредени општи одредби за кривичната одговорност за кривични дела сторени преку средствата за јавно информирање (чл. 26, чл. 27, чл. 27-а и чл. 28), а во членот 122 ст. 9, при дефинирањето на кругот на лица што вршат работи од јавен интерес е утврдено дека како лице што врши работи од јавен интерес, покрај сите други, се смета и новинар, кој тие работи ги врши самостојно или кај правно лице што врши дејност од јавен, односно општ интерес определен со закон. За разлика од тоа, посебниот дел од Кривичниот законик има одредени поконкретни предвидувања, но нема голем и прецизен избор на кривични дела и законски битија, кои на каков било начин би биле поврзани со вести, медиуми, новинари и слично, туку согласно моменталната состојба, македонското законодавство располага со следниве одредби: спречување печатење и растурање печатени работи (чл. 154), пренесување заразна болест (чл. 205), како и во членот 182-а, каде што е наведено дека за кривичните дела од членовите 178, 179, 181 и 182 е исклучена одговорноста за новинар во вршење новинарска професија.

Од погоре наведените информации и наведени правни основи од конкретните правни извори, може да се дојде до евидентен податок дека нашата држава нема конкретни законски одредби ниту засебни правни акти со кои попрецизно, појасно и посеопфатно би ја регулирала оваа проблематика со лажните вести. Следствено на ова, може да се истакне дека насочувајќи го фокусот кон оваа проблематика, нашата држава значително од 2016 година, па до денес, преку донесување стратегии, акциски планови и друг вид документи усвоени од владата се труди да биде во чекор со справувањето со сајбер безбедносните предизвици, лажните вести и другите видови хибридни закани.

Усвоени се неколку побитни документи, и тоа: Предлог-план за одлучна акција против ширење дезинформации од 2019 година и Стратегија за градење отпорност и за

[3] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/12.
[4] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96.

справување со хибридни закани од 2021 година. Предлог-планот за одлучна акција против ширење дезинформации содржи: безбедносни мерки и проактивни мерки и тој е производ од искуствата и препораките на Европската комисија, Комитетот на експерти за квалитетно новинарство при Советот на Европа, НАТО, УСАИД, Британската влада и Европската мрежа за дигитална дипломатија поддржана од Стејт Департментот на САД. За разлика од Планот, Стратегијата за градење отпорност и за справување со хибридни закани има цел создавање заедничка свест за природата на хибридните закани, мапирање на обврските и носителите, идентификување на начините за дејствување, како и креирање ресурси за градење национална отпорност со ангажирање на целокупното општество насочено кон заедничка и синхронизирана соработка на институциите со цел изградба на општество што ќе биде подготвено за рана детекција, одговор и брзо заздравување од справувањето со хибридните закани.

Доколку се изврши анализа на начинот на правно регулирање на оваа тематика и правниот пристап во рамките на Европската Унија, лесно може да се дојде до сознание дека будно се следат проблемите и предизвиците, а надлежните институции, имајќи јасни анализи од голем број истражувања, тековно одговараат и се трудат да бидат во чекор со дезинформациите, начинот на нивното распространување и штетите што се предизвикуваат. На почетокот на оваа година, Европскиот парламент одобри Закон за дигитални услуги (DSA), кој произлегува од претходно донесената Директива за е-трговија, усвоена во 2000 година, чија главна цел е да го усогласи законодавството на ЕУ и да го приспособи да одговара и да се справува со моменталната состојба на информацискиот хаос и ширењето лажни вести во дигиталната ера, која значително се промени во последниве години. Овој закон има цел интернетот да го направи побезбедно место за граѓаните и со него се утврдуваат одговорностите на технолошките компании во борбата против нелегалната содржина на онлајн платформите и се обезбедува систем на казни за нејзино прекршување. Битно е да се истакне дека со овој закон се регулира забрана за употреба на чувствителни лични податоци и податоци за малолетници за рекламни цели, забрана за употреба на измамнички мрачни шеми и забрана за употреба на чувствителни податоци за следење на корисниците, а исто така и обврска за технолошките компании што ќе треба побрзо да реагираат на извештаите за злоупотреба на интернет, на начин што е предвидена одговорност на компаниите за одлуките, а предвидена е и нивна жалба.

Ширењето лажни вести со текот на времето прерасна во созреан современ криминалитет што предизвикува штети од поголеми општествени размери и може да се анализира од етиолошки и феноменолошки аспект. Од особена важност е нагласувањето на дејствијата и облиците на ширењето лажни вести, реализаторите или сторителите на ова дејство, начините на кои се презема тоа и штетните последици од веќе преземените дејства, т. е. раширени лажни вести, како и евидентноста дека овој тип дејства имаат висока разнообразност и издиференцираност и зависат од општествено-економските, политичките, но и културолошките околности во конкретната држава. Најчестите генератори на лажни вести се: електронските портали, социјалните мрежи, новинарите, но не смее да се изостави и фактот дека тука често се вбројуваат политичките партии, одредени разузнавачки структури и други групи на интерес и групи со концентрација на финансиска, политика и друг вид сконцентрирана моќ.

Факт е дека предизвиците со здравствената пандемија во светот, економската криза, воените немири и конфликти, како и различните политичко-економски, географски и развојни услови на државите придонесуваат за различни видови и облици на продуцирање и распространување лажни вести и дезинформации, а тоа, всушност, значи богата феноменологија, а исто така причините и намерите за нивно создавање си имаат свои особености и специфики што се разликуваат од држава во држава. Покрај оваа димензија, специфичности се забележуваат и во последиците, кои може да бидат од потесен или поширок размер, почнувајќи од лично и простирајќи се до колективно ниво, во форма на заблуда, заговор, бунт, дисторзија на економските текови, загрозување на личното и колективното здравје, иницирање граѓански немири, меѓуетнички конфликти, политички кризи, безбедносни нестабилности, создавање паника, ксенофобија, говор на омраза, несигурност во државата, неверување во институциите на системот, уривање влади и низа други варијабли, кои прилично покажуваат кон општествена опасност со видливи последици и меѓусебна поврзаност.

Сведоци сме дека нашата држава, со оглед на сите збиднувања и моменталниот општествено-политички амбиент, претставува погодно место за создавање, развивање и негување на практиката на ширењето лажни вести, и тоа, на различни области и теми, со различни намери, но и последици, кои многу се чувствуваат во нашето живеење. Вршејќи опсервација последниве неколку години, а особено од 2018 година до денес, може да се издвојат низа примери за ширење лажни вести, создавање паника кон македонското население и одредени импликации. Во насока на ова, заслужува да се истакне дека покренати се голем број постапки за чии разврски малку се знае во јавноста, а за одреден дел нема никаква завршница поради немањето правен основ за постапување.

Комитетот за надворешни работи при Европскиот парламент изработи научно истражување под наслов „Мапирање на лажните вести и дезинформации во Западен Балкан и идентификување начини за нивно ефективно сузбивање“[5], кое ги анализира состојбите со лажни вести и дезинформации во земјите од регионот, вклучувајќи ја и нашата држава. Истражувањето го опфаќа периодот од 2018 до 2020 година и како клучни наоди со кои се покажува кои општествени процеси во Македонија биле најпогодни за ширење лажни вести се потенцирани следниве: надворешната политика на државата и кредибилитетот на Европската Унија, пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, како и политичките процеси, вклучувајќи ги изборните процеси и референдумот. Од истражувањето може да се забележи дека, генерално, лажните вести во нашата држава се однесуваат на влошување на односите помеѓу етничките заедници и произлегуваат од длабоките поделби во општеството. Покрај тоа, горлива тема за ширење лажни вести биле и процесите на референдумското изјаснување во 2018 година, пристапувањето кон НАТО, како и другите геополитички и меѓународни односи на државата. Како најпогодни медиуми за ширење на ваквите вести биле Фејсбук, Јутјуб и Твитер, но покрај тоа, забелешки се дадени и за традиционалните медиуми, локалните медиуми, електронските портали, весниците и периодичните списанија.

---

[5] „Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them“ Policy Department for External Relations Directorate General for External Policies of the Union PE 653.621 - February 2021.

Дополнително за илустрација, исто така, може да се искористат голем број случувања и настани и од 2020 година до денес, кои укажуваат на влијанието на лажните вести врз нашето живеење, но и на нивната разновидност. Случајот со дигиталниот медиум сакамдакажам.мк е добар пример дека освен што медиумите може да бидат креатори, тие може да бидат и опфатени со такви дејства, т. е. да бидат жртви на ваквата појава. Дигиталната редакција на „Сакам да кажам", на 19.6.2020 година поднесе кривична пријава до Министерството за внатрешни работи против непознат сторител за фалсификување на логото на редакцијата и ширење лажни вести[6]. Со користење лажна вест беше фалсификувано логото на порталот и се ширеше на социјалните мрежи твит од еден од лидерите на движењето „Бојкотирам"[7] со наслов што не постоеше на нивната платформа.

Случајот со пожарот на модуларната болница во Тетово исто така беше опфатен со најразлични лажни вести и дезинформации сѐ со цел да се поттикнат вознемиреност, револт, незадоволство, но и страв кај населението. Веднаш по пожарот на модуларната болница во Тетово беше објавено видео со порака „Молете се за Тетово", кое се споделуваше на социјалните мрежи од каде што се гледаше болница во која е настанат пожар. Видеото беше реално и на него беше прикажана вознемирувачка снимка од пожар во ковид-болница, каде што се спасуваат хоспитализирани лица во болнички амбиент, но снимката беше од болница во Индија. На видеото можеше да се забележи ознака „прв кат", што претставува јасен знак дека не е модуларната болница во Тетово, која нема повеќе катови затоа што е модуларна, туку е некоја друга болница, а со пораката „Молете се за Тетово" беа прикриени оригиналниот датум и времето на видеото. Оригиналноста на видеото упатува на неговата вистинитост, а тоа е 8 септември 2020 година, а не 2021 година според вистинскиот факт на настанот со модуларната болница во Тетово.

Актуелни беа и сѐ уште се актуелни дојавите за бомби во средните училишта низ градот Скопје. Преку лажно пратени пораки на е-пошта се предизвикуваат паника, намалена сигурност и безбедност, се создава страв со најава дека се поставени бомби во училишните згради и училишното окружување. На почетокот, со ваква порака на е-пошта беа известени само неколку училишта, а потоа кругот се проширувaше. Училиштата беа принудени да ја прекинуваат наставата, да ги евакуираат учениците и вработените, а службите на МВР секогаш се впуштаа во проверка на училиштата. Интересно за оваа случка е тоа што ваквите дојави станаа сѐ позачестени, а државните органи, освен проверка по секоја дојава, сѐ уште немаат друго конкретно решение, ниту, пак, одредена реакција кон сторителите, затоа што сѐ уште не се познати креаторите на овој хаос.

**Заклучни согледувања**

Од конкретните ситуации што се дел од нашата стварност може да се утврди дека лажните вести се поврзуваат за различни теми, опфаќаат различни групи луѓе, различни окружувања и територијални подрачја, се креираат на различен начин и на различни канали (со текст, видеа, слики и др.), се распространуваат многу брзо и на различен начин, а, де

---

[6] Лажната вест била со наслов „Изборите на 15 јули ќе се искористат гласачите да се вакцинираат преку проектот на Бил и Мелинда Гејтс".

[7] Кампањата „Бојкотирам" е неформално здружение на граѓани што се залага за афирмација и употреба на уставното име Република Македонија, спречување на промената на Уставот и сл.

факто, иако последиците се диференцирани, тие имаат директно влијание врз општествените односи и функционирањето на системите во државата. Колку моменталните правни можности на државата за каква било реакција придонесуваат за сигурност, безбедност и заштита на граѓаните од аспект на ширењето лажни вести и потпаѓањето под нив? Кој и на каков начин би одговарал за создавање и распространување лажни вести што би оставиле фатални последици од големи размери во нашето општество се прашања на кои моментално не може да се даде конкретен, но и правно издржан одговор. Општествените односи не може и не треба да бидат целосно регулирани и опфатени со правниот поредок на државата, затоа што суштинската поставеност на општественото функционирање налага дека одреден сегмент од општеството треба да биде оставен на моралот и обичајот како непишани општествени правила. Но, зачестеноста на одредените штетни човекови поведенија, од една страна, и низата последици и повредени општествени вредности и добра, од друга страна, неизбежно ја налагаат заштитната функција на државата. Од таквата функција на државата произлегува и смислата на казненото право, кое претставува посебна гранка на системот на позитивното право, чија основна цел е заштита на одредени општествени добра и вредности. Таа заштита се остварува со пропишување одредени општествено опасни поведенија на човекот како казнени дела и истовремено пропишување казнени санкции за тие дела, така што следува дека целта на казненото право е сузбивање на криминалитетот, со цел поефикасна заштита на најзначајните добра и вредности од однесувањата на поединци што ги повредуваат или ги загрозуваат.

Сумирајќи го штетното влијание на ваквата појава и вкрстувајќи ги правните аргументи од потребата за правно регулирање на оваа проблематика, а исто така и фактот за неможноста да се постапува кон лицата што предизвикуваат штета од ваков тип упатува на фактот дека секој би посегнал и би направил штета искористувајќи ја состојбата на нерегулираност. Во овој случај, важно е да се напомене дека државите што филтрираат вести со намера да цензурираат новинари, со намера да ја ограничат слобода на изразување, мислата и определувањето или кои дозволуваат само одреден тип медиуми не се добар пример за појдовна точка за регулирање на информацискиот хаос со лажните вести со кој се соочува денешното општество, па така, аргументацијата за регулирање на оваа проблематика не смее да се маргинализира во крајност што би одела во насока на ограничување на слободата на изразувањето на мислата и определувањето.

Сајбер безбедноста е исклучителен предизвик на нашата држава, па затоа потребна е организирана и јасна насока за справување, со добар стратешки пристап и анализа, институционална координирана инфраструктура, обучување на човечките капацитети, како и внимателно изградени правни решенија во согласност со меѓународното право и правото на ЕУ. Треба потребно е да се размислува и за сеопфатни анализи, следење на состојбите, а потоа и внимателно нормирање, специфицирање и определување одредени дејствија со висок квантум на штетност што би биле опфатени во сферата на Кривичниот законик или, пак, во најмала рака, предвидување во доменот на прекршочното право. Клучно е да се истакне дека треба да се почне од општата правна логика и фактот каде што за сметка на едно право, не смее да биде повредено друго право и дека користењето одредено право што предизвикува повреда на нечие друго право од таквиот момент на засегање во туѓото право станува неправо. Отсуството на јасна и усогласена дефиниција, немањето координиран

пристап за справување од страна на државата, правното изоставање и нерегулирање доведуваат до ризик, и тоа, еднаков на ограничувањето на слободата на говорот и уредувачката слобода, а таквиот ефект не треба да биде посакуван ниту овозможен од државите што реализираат и практикуваат современа демократија.

**Користена литература:**


- „Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them“, Policy Department for External Relations Directorate General for External Policies of the Union PE 653.621 - February 2021.
- „EU action plan against disinformation“ European Court of auditors. March – 2020.
- Арнаудовски, Љупчо, Криминологија, Скопје, 2007 година.
- Буџакоски, Стефан, Казнено право, општ дел, авторизирани предавања, Скопје 2014, година.
- Тупанчески, Никола, Кривичен законик, Скопје, 2015 година.
- Камбоски, Владо, Тупанчески, Никола, Казнено право, посебен дел, Скопје 2011 година.
- „Предлог-план за одлучна акција против ширење дезинформации и против напади врз демократијата“ – Влада на Република Северна Македонија.
- https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/priorities-2019-2024/new-push-european-democracy/european-democracy-action-plan_en
- https://iks.edu.mk/novosti/transparentnosta-i-navremenoto-informiranje-se-eden-od-lekovite-za-spravuvanje-so-dezinformaciite/
- https://prizma.mk/prijavite-za-lazhni-vesti-megu-pravdata-i-tsenzurata/
- https://sdk.mk/index.php/makedonija/digitalnata-redaktsija-sakamdakazham-mkpodnese krivichna-prijava-protiv-nepoznat-storitel-za-falsifikuvane-na-logoto-i-shirene-lazhnivesti/
- https://novatv.mk/usvoena-strategija-za-gradene-otpornost-i-za-spravuvane-so-hibridni-zakani/

**Doan Suleimanoski, M.Sc**[8]

# THE SPREAD OF FAKE NEWS AND ITS CRIMINAL CONTEXT

**Abstract**

Information is the driving force of social flows, it is a necessity for the functioning of man, society and the state system as a whole. Within the framework of daily functioning, starting from various motives and reasons, people share, publish and transmit information - news, which they themselves produce or, on the other hand, receive from someone else. The modern way of communicating, the emergence of various modern media, the relevance and variety of social networks, various social events and social crises (health, economic, political, security) directly contribute to the rapid expansion of different types of information in the public space published with different intentions and purpose.

The moment of transmitting untrue or fake news, which is created, shared and spread in society, is evaluated as a negative, punishable and undesirable action. The negativity of such actions can cause various social events or actions: panic, hate speech and the like, fear and other types of social deharmonization. Particularly alarming and vital is the situation when such news are spread during a state of emergency or war and cause fear of the population and play with the emotions of individuals.

The negative effects of the spread of fake news can be evaluated as an incitement and reason for the creation of various crimes. Such news contributes to the shaking of the entire state system with all its subsystems.

It is of particular importance to point out that our criminal justice system is poor in provisions for dealing with disinformation and fake news in public discourse, thus leaving free space for their overproduction.

**Key words:** fake news, freedom of expression, hate speech, media, criminal liability

---

[8] The author is a student of the third cycle of studies at the "Iustinianus Primus" Faculty of Law - Skopje, master in Criminal Law - Criminal Material Law.